Архивски број: 0801-269/4
13.10.2021 Година

Постапувајќи по претставката бр. 0801-269 од 23.09.2021 година, поднесена [redacted], против Академија на судии и јавни обвинители ,, Павел Шатев" Скопје, за извршена дискриминација по основ на етничка припадност во постапка за избор на судии и обвинители, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/30.10.2020 година), на 13.10.2021 го донесе следново:

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** по основ на етничка припадност во избор на судии и обвинители , извршена од страна на Академија на судии и јавни обвинители ,,Павел Шатев" Скопје, врз подносителот на претставката [redacted]

## *Образложение*

На 23.09.2021 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] против Академијата на судии и јавни обвинители ,,Павел Шатев" Скопје, за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во избор на судии и јавни обвинители. Подносителот наведува дека е слушател на почетната обука на Академија на судии и јавни обвинители ,,Павел Шатев" Скопје. Во претставката тој тврди дека врз него извршена е дискриминација по етничка основа во начинот на рангирање на слушателите од теоретската настава. Имено, подносителот бил рангирано на 40то место, но според негово видување, во рангирањето на слушатели Албанци смета дека треба да биде рангиран на 5то место на листа од 7 слушатели Албанци, кои според него треба да се определат за судии. Дополнително во претставката подносителот наведува дека директорката на Академијата, [redacted] на онлајн состанок ги информирала слушателите дека определувањето за судија – обвинител ќе било исклучиво врз основа на *општото рангирање, а не кумулативно и според уставниот критериум ,,соодветна и правична застапеност"* кој е *гарант на немаргинализација на етничките заедници* кои не се мнозинство во Република Северна Македонија и е афирмативен промотор на социјалната кохезија во општеството. На тоа подносителот реагирал и кажал дека согласно ваквото рангирање само двајца слушатели Албанци би можеле да бидат определени за судии, додека останатите 13 немаат друг избор освен да бидат јавни обвинители. Според подносителот, на вака искажаниот став директорката [redacted] реагирала со ароганција квалификувајќи го како непримерен начин на комуникација, што подносителот го смета, не само за дискриминаторски однос, туку и за мобинг / вознемирување на работно место.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно чл.26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација товарот на докажување го префрли на Академијата за судии и јавни обвинители ,,Павел Шатев" Скопје и на 23.09.2021 година испрати барање за произнесување околу наводите содржани во претставката за заштита од дискриминација бр. 0801-269/2.

Писменото произнесувањето со број: 03-533/13 од 29.09.2021 г од страна на Академијата за судии и јавни обвинители ,,Павел Шатев" Скопје, пристигна до архивата на КСЗД на 29.09.2021. Во одговорот, Академијата истакнува дека претставката претставува продолжување на навредите кон Академијата за судии и јавни обвинители ,,Павел Шатев" Скопје од истиот слушател, кој веќе има поднесено неколку поднесоци во разни органи.

Согласно наводите од поднесокот за произнесување, директорката на Академијата на прашањето на подносителот дали ќе има посебни квоти за припадниците на заедниците при изборот за судии, како што имало при изборот за слушатели одговорила дека согласно член 96 ст.2 од Законот за Академија, како и согласно подзаконските акти на Академијата определувањето се врши согласно успехот во теоретската настава до пополнување на местата за судија или јавен обвинител, а другите слушатели од ранг – листата се распоредуваат на преостанатите места за судија односно јавен обвинител. Бидејќи ваквиот одговор очигледно не го задоволи слушателот [redacted] се одлучил да прати е-мејл во кој кажува дека таквиот начин на определување е дискриминаторски, на што беше повторно упатен на законското и подзаконското уредување на ова прашање.

Од наводите на претставката, одговорот за произнесување на претставката и прегледот на релевантната законска легислатива Комисијата ги донесе следниве заклучоци:

Член 96 став 2 од Законот за аакадемијата за судии и јавни обвинители уредува дека ***,,Слушателите на почетната обука кои се повисоко рангирани на ранг-листата од став (1) имаат право да се определат за вршење на професијата судија или јавен обвинител до пополнување на местата за судија или јавен обвинител согласно со одлуките на Судскиот совет на Република Северна Македонија или Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија од членот 56 став (2) на овај закон, а другите слушатели од ранг-листата од ставот (1) на овој член се распоредуваат на преостанатите места за судија, односно јавен обвинител"***.

Видно од овој член, Законот за академијата за судии и јавни обвинители не упатува на посебни квоти за припадниците на заедниците, туку определувањето се врши исклучиво според успехот во теоретската настава до пополнување на местата за судија или јавен обвинител, а другите слушатели од ранг – листата се распоредуваат на преостанатите места за судија односно јавен обвинител.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Во член 9 од Законот за академијата за судии и јавни обвинители е предвиден принципот на соодветна и правична застапеност на сите заедници во РСМ, а истото е доуредено со чл. 10-а од Правилникот за полагање на приемен испит и член 42-а од Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители ,,Павел Шатев".

Во конкретниот случај, подносителот бил рангиран на 42то место на ранг листата од теоретска настава, а 30 слушатели кои биле повисоко рангирани на ранг-листата од теоретската настава се определиле за вршење на професијата судија. Согласно законот слушателот бил распределен за вршење на функцијата јавен обвинител.

Согласно наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека Академијата за судии и јавни обвинители ,,Павел Шатев" Скопје во конкретниот случај не направила повреда на ниту еден материјален и процесен закон, туку постапила во согласност со одредбите од член 96 став 2 од Законот за Академијата како и согласно подзаконските акти на Академијата. Од овие причини Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје
13.10.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Комисија за спречување и заштита од дискриминација • Скопје

Доставено до:

- Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев, бул. Јане Сандански бр,12 ламела 2, 1000 Скопје.
- [redacted] Скопје


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk